ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# СИСТЕМ НА ИНТЕГРИТЕТ
# Воспоставување, имплементација и следење

# Надлежности на ДКСК за имплементација и мониторинг на системот на интегритет

- Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, член 8 и член 17
- Конвенција на Организацијата на Обединетите Нации (ООН) против корупцијата
- Конвенција на Советот на Европа во областа на граѓанско право и корупција, преку добиените препораки на Групата држави против корупција (ГРЕКО) ги следи обврските преземени според Конвенцијата од страна на државите потписнички

# Што претставува концептот на интегритет?

- Концептот за интегритет ги опфаќа сите институции на локално и централно ниво на власта, кои се во рамки на системот за борба против корупција.
- Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно. (член 4, став 1, Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси)
- Корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг (член 8, став 5, Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси)

# Видови на интегритет
# Зошто интегритетот е важен?

- Личен интегритет
- Институционален интегритет

- КАКО ВИДОВИТЕ НА ИНТЕГРИТЕТ СЕ ПОВРЗАНИ?

# Политика на интегритет
# - Елементи -

- Спречувањето на судирот на интереси;
- Почитување на етичкиот кодекс;
- Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации;
- Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси;
- Транспарентност и пристап до информациите од јавен карактер;
- Заштитено пријавување на укажувачи
- Управување со квалитет

# Документи кои ДКСК ги подготви за да му помогне на институциите:

- Политика на интегритет
- Насоки за примена на политиката за интегритет
- Прирачник за лицата за интегритет
- Насоки за проценка на ризикот од институционална корупција во РС Македонија
- Насоки за подготовка на етички кодекси во институционалното работење
- Упатство за користење на службени возила и реализација на службени патувања
- Упатство за изготвување на интерен акт за управување со судирот на интереси
- Упатство за постапување со подароци, погодности и гостопримства во јавниот сектор

# Документи кои ДКСК ги подготви за да му помогне на институциите:

- Политика на интегритет
- Насоки за примена на политиката за интегритет
- Прирачник за лицата за интегритет
- Насоки за проценка на ризикот од институционална корупција во РС Македонија
- Насоки за подготовка на етички кодекси во институционалното работење
- Упатство за користење на службени возила и реализација на службени патувања
- Упатство за изготвување на интерен акт за управување со судирот на интереси
- Упатство за постапување со подароци, погодности и гостопримства во јавниот сектор

- Процесот на следење на имплементација на системот подразбира:

- Проценка на степенот на имплементација на стандардите за интегритет во институцијата
- Проценка на ризици
- Координација и комуникација со ДКСК
- Донесување годишни програми и планови за едукација и градење на капацитет за примена на стандардите
- Континуирана соработка со ДКСК преку обуки и пополнување на податоци во софтверското решение за интегритет

# Мониторинг на имплементацијата на системот на интегритет во институциите

Мониторингот на имплементацијата на системот на интегритет се врши преку следење на бројот на институции кои потпишале политика на интегритет, додека степенот на имплементацијата се следи преку пополнување на прашалник за негова примена.



# Пораст на број на потпишани политики на интегритет и исполнување на обврските за пополнување на прашалник за примена на системот на интегритет 2022/2023 година

Во однос на имплементацијата на системот на интегритет, забележителен е пораст како во бројот на институции кои потпишале политика за интегритет во однос на 2022 година, исто така и во исполнувањето на обврската за примена на системот на интегритет.

**84%** е зголемен бројот на институциите кои потпишале политика на интегритет во 2023 година во однос на 2022 година

**86%** е зголемен бројот на институциите кои ја исполниле обврската да пополнат прашалник за примена на системот на интегритет во 2023 година во однос на 2022 година

# Мониторинг на имплементација на интегритет на ниво на институции

*Мониторингот на имплеметацијата на системот на интегритет се врши преку поделба на институциите на три нивоа:*

- институции од централна власт
- единиците на локалната самоуправа
- институции од правосудството

*Исполнувањето на обврските е валоризирано преку пет нивоа на категоризација:*

80 - 100% исполнетост - многу добро

60 - 80% исполнетост – добро

40 – 60% исполнетост – просечно

20 - 40% исполнетост – слабо

0 - 20% исполнетост - многу слабо

# Мониторинг на потпишани политики за интегритет според нивоата на институциите

Еден од елементите за мерење на имплементацијата на системот на интегритет е преку бројот на потпишани политики за интегритет.



# Поднесени прашалници за мониторинг на имплементација на системот на интегритет

Мониторингот за имплементација на системот на интегритет на ниво на институција се врши преку добиените одговори на прашалникот наменет за следење на примена на системот на интегритет. Бројот на институции кои одговориле на прашалникот според нивото на институција е следен:



# Категоризција на институциите во однос на исполнувањето на обврските за примена на системот на интегритет



# Мониторинг на нивото на имплементација на системот на интегритет во институции од централна власт

Исполнување на обврските за примена на системот на интегритет на ниво на институцијии од централна власт според нивото на категоризација:



# Мониторинг на нивото на имплементација на системот на интегритет во единиците на локална самоуправа

Исполнување на обврските за примена на системот на интегритет на ниво на единиците на локалната самоуправа според нивото на категоризација:



# Мониторинг на нивото на имплементација на системот на интегритет во институции од правосудството

Во текот на 2023 година се започна и со примена на системот на интегритет на ниво на институции од правосудството. Исполнување на обврските за примена на системот на интегритет на ниво на институции од правосудството според нивото на категоризација:



# Спроведување на политиката на интегритет

- Грижата за спроведување на Политиката на интегритет во државните органи и институции од јавниот сектор е индивидуална и колективна.

- Раководните структури се одговорни за воспоставување и спроведување на системот на интегритет, како и за нивна промоција преку своето лично однесување и со преземање мерки за колективна прифатеност на политиката на интегритет и придржување кон истата од страна на вработените.

- Раководните структури и сите вработени во државните органи и институции од јавниот сектор се должни да го пријават секое казниво дело поврзано со корупција, како и секоја повреда на одредбите од Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за кои дознало во вршењето на својата должност, како и наводи или сомнежи за незаконско однесување или повреди на кодексот. Исто така, тие се должни да пријават и доколку од нив се побара да постапат спротивно на Уставот, закон, кодекс или друг пропис.

# Подигнување на свеста за корупцијата

- Заложување за нулта толеранција за корупцијата
- Запознавање со политиките, законската рамка и процедурите при потпишувањето на договор за вработување со нововработените лица
- Проактивно запознавање на вработените со новите правила и процедури секогаш кога има измени во законската регулатива или други измени во системот за интегритет
- Обуки на редовна основа
- Можност за добивање на совети и насоки од стручни лица (од лицата за интегритет)